
ISSN 2545 – 4439
ISSN 1857 - 923X
INTERNATIONAL JOURNAL
Institute of Knowledge Management
KNOWLEDGE
ikm
Vol. 26.6.
Scientific Papers
SOCIAL SCIENCES
KIJ Vol. 26 No. 6 pp. 1535 - 1884 Skopje 2018

KNOWLEDGE

# INTERNATIONAL JOURNAL

# SCIENTIFIC PAPERS

# VOL. 26.6.

September, 2018

**INSTITUTE OF KNOWLEDGE MANAGEMENT**

**SKOPJE, MACEDONIA**

# KNOWLEDGE

## International Journal Scientific papers Vol. 26.6.

**ADVISORY BOARD**

Vlado Kambovski PhD, Robert Dimitrovski PhD, Siniša Zarić PhD, Maria Kavdanska PhD, Venelin Terziev PhD, Mirjana Borota – Popovska PhD, Cezar Birzea PhD, Ljubomir Kekenovski PhD, Aleksandar Nikolovski PhD, Veselin Videv PhD, Ivo Zupanovic, PhD, Savo Ashtalkoski PhD, Svetlana Trajković PhD, Zivota Radosavljević PhD, Laste Spasovski PhD, Mersad Mujevic PhD, Nonka Mateva PhD, Rositsa Chobanova PhD, Predrag Trajković PhD, Dzulijana Tomovska PhD, Nedzat Koraljić PhD, Nebojsha Pavlović PhD, Nikolina Ognenska PhD, Baki Koleci PhD, Lisen Bashkurti PhD, Trajce Dojcinovski PhD, Jana Merdzanova PhD, Zoran Srzentić PhD, Nikolai Sashkov Cankov PhD, Marija Kostic PhD

**Print:** GRAFOPROM – Bitola

**Editor:** IKM – Skopje

**Editor in chief**
Robert Dimitrovski, PhD

**KNOWLEDGE - International Journal Scientific Papers Vol. 26.6.**

**ISSN 1857-923X (for e-version)**
**ISSN 2545 – 4439 (for printed version)**

## SCIENTIFIC COMMITTEE

**President:** Academic, Prof. Vlado Kambovski PhD, Skopje (Macedonia)

**Vice presidents:**
Prof. Robert Dimitrovski PhD, Institute of Knowledge Management, Skopje (Macedonia)
Prof. Sinisa Zaric, PhD, Faculty of Economics, University of Belgrade, Belgrade (Serbia)
Prof. Venelin Terziev PhD, University of Rousse, Rousse (Bulgaria)
Prof. Mersad Mujevic PhD, Public Procurement Administration of Montenegro (Montenegro)

**Members:**
- Prof. Aleksandar Nikolovski PhD, FON University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Aleksandar Korablev PhD, Dean, Faculty for economy and management, Saint Petrsburg State Forest Technical University, Saint Petrsburg (Russian Federation)
- Prof. Azra Adjajlic – Dedovic PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Antoanela Hristova PhD, European Polytechnic University, Pernik (Bulgaria)
- Prof. Anita Trajkovska PhD, Rochester University (USA)
- Prof. Anka Trajkovska-Petkoska PhD, UKLO, Faculty of technology and technical sciences, Bitola (Macedonia)
- Prof. Alisabri Sabani PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Ahmad Zakeri PhD, University of Wolver Hampton, (United Kingdom)
- Prof. Ana Dzumalieva PhD, South-West University “Neofit Rilski”, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Branko Sotirov PhD, University of Rousse, Rousse (Bulgaria)
- Prof. Branko Boshkovic, PhD, College of Sports and Health, Belgrade (Serbia)
- Prof. Branimir Kampl PhD, Institute SANO, Zagreb (Croatia)
- Prof. Baki Koleci PhD, University Hadzi Zeka, Peya (Kosovo)
- Prof. Branislav Simonovic PhD, Faculty of Law, Kragujevac (Serbia)
  Prof. Bistra Angelovska, Faculty of Medicine, University “Goce Delcev”, Shtip (Macedonia)
- Prof. Cezar Birzea, PhD, National School for Political and Administrative Studies, Bucharest (Romania)
- Prof. Cvetko Andreevski, Dean, Faculty of Tourism, UKLO, Bitola (Macedonia)
- Prof. Drago Cvijanovic, PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjacka Banja (Serbia)
- Prof. Dusan Ristic, PhD Emeritus, College of professional studies in Management and Business Communication, Novi Sad (Serbia)
- Prof. Dimitar Radev, PhD, Rector, University of Telecommunications and Post, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Daniela Todorova PhD, Rector of “Todor Kableshkov” University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Dragan Kokovic PhD, University of Novi Sad, Novi Sad (Serbia)
- Prof. Dragan Marinkovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)
- Prof. Daniela Ivanova Popova PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Dzulijana Tomovska, PhD, Dean, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola(Macedonia)

- Prof. Evgenia Penkova-Pantaleeva PhD, UNWE -Sofia (Bulgaria)
- Prof. Georgi Georgiev PhD, National Military University “Vasil Levski”, Veliko Trnovo (Bulgaria)
- Prof. Helmut Shramke PhD, former Head of the University of Vienna Reform Group (Austria)
- Prof. Hristina Georgieva Yancheva, PhD, Rector, Agricultural University, Plovdiv (Bulgaria)
- Prof. Hristo Beloev PhD, Bulgarian Academy of Science, Rector of the University of Rousse (Bulgaria)
- Prof. Hristina Milcheva, Medical college, Trakia University, Stara Zagora (Bulgaria)
- Prof. Izet Zeqiri, PhD, Academic, SEEU, Tetovo (Macedonia)
- Prof. Ivan Marchevski, PhD, Rector, D.A. Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Doc. Igor Stubelj, PhD, PhD, Faculty of Management, Primorska University, Koper (Slovenia)
- Prof. Ivan Petkov PhD, Rector, European Polytechnic University, Pernik (Bulgaria)
- Prof. Isa Spahiu PhD, AAB University, Prishtina (Kosovo)
- Prof. Ivana Jelik PhD, University of Podgorica, Faculty of Law, Podgorica (Montenegro)
- Prof. Islam Hasani PhD, Kingston University (Bahrein)
- Prof. Jova Ateljevic PhD, Faculty of Economy, University of Banja Luka, (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Jove Kekenovski PhD, Faculty of Tourism, UKLO , Bitola (Macedonia)
- Prof. Jonko Kunchev PhD, University „Cernorizec Hrabar“ - Varna (Bulgaria)
- Prof. Jelena Stojanovic PhD, High medicine school for professional studies “Hipokrat”, Bujanovac (Serbia)
- Prof Karl Schopf, PhD, Akademie fur wissenschaftliche forchung und studium, Wien (Austria)
- Prof. Katerina Belichovska, PhD, Faculty of Agricultural Sciences, UKIM, Skopje (Macedonia)
- Prof. Krasimir Petkov, PhD, National Sports Academy “Vassil Levski”, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Kamal Al-Nakib PhD, College of Business Administration Department, Kingdom University (Bahrain)
- Prof. Lidija Tozi PhD, Faculty of Pharmacy, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Laste Spasovski PhD, Vocational and educational centre, Skopje (Macedonia)
- Prof. Lujza Grueva, PhD, Faculty of Medical Sciences, UKIM, Skopje (Macedonia)
- Prof. Lisen Bashkurti PhD, Global Vice President of Sun Moon University (Albania)
- Prof. Lence Mircevska PhD, High Medicine School, Bitola, (Macedonia)
- Prof. Ljubomir Kekenovski PhD, Faculty of Economics, UKIM, Skopje (Macedonia)
- Prof. Ljupce Kocovski PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (Macedonia)
- Prof. Marusya Lyubcheva PhD, University “Prof. Asen Zlatarov”, Member of the European Parliament, Burgas (Bulgaria)
- Prof. Maria Kavdanska PhD, Faculty of Pedagogy, South-West University Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Maja Lubenova Cholakova PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Mirjana Borota-Popovska, PhD, Centre for Management and Human Resource Development, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (Macedonia)

- Prof. Mihail Garevski, PhD, Institute of Earthquake Engineering and Engineering Seismology, Skopje (Macedonia)
- Prof. Misho Hristovski PhD, Faculty of Veterinary Medicine, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Mitko Kotovchevski, PhD, Faculty of Philosophy, UKIM, Skopje (Macedonia)
- Prof. Milan Radosavljevic PhD, Dean, Faculty of strategic and operational management, Union University, Belgrade (Serbia)
- Prof. Marija Topuzovska-Latkovikj, PhD, Centre for Management and Human Resource Development, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (Macedonia)
- Prof. Marija Knezevic PhD, Academic, Banja Luka, (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Margarita Bogdanova PhD, D.A.Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Prof. Mahmut Chelik PhD, Faculty of Philology, University "Goce Delchev", Shtip (Macedonia)
- Prof. Marija Mandaric PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjacka Banja (Serbia)
- Prof. Mustafa Kacar PhD, Euro College, Istanbul (Turkey)
- Prof. Marina Simin PhD, College of professional studies in Management and Business Communication, Sremski Karlovci (Serbia)
- Prof. Miladin Kalinic, College of professional studies in Management and Business Communication, Sremski Karlovci (Serbia)
- Prof. Mitre Stojanovski PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (Macedonia)
- Prof. Miodrag Smelcerovic PhD, High Technological and Artistic Vocational School, Leskovac (Serbia)
- Prof. Nadka Kostadinova, Faculty of Economics, Trakia University, Stara Zagora (Bulgaria)
- Prof. Nenad Taneski PhD, Military Academy "Mihailo Apostolski", Skopje (Macedonia)
- Prof. Nevenka Tatkovic PhD, Juraj Dobrila University of Pula, Pula (Croatia)
- Prof. Natalija Kirejenko PhD, Faculty For economic and Business, Institute of Entrepreneurial Activity, Minsk (Belarus)
- Prof. Nikolay Georgiev PhD, "Todor Kableshkov" University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Nikolina Ognenska PhD, Faculty of Music, SEU - Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Nedzat Korajlic PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Nishad M. Navaz PhD, Kingdom University (India)
- Prof. Oliver Iliev PhD , Faculty of Communication and IT, FON University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Oliver Dimitrijevic PhD, High medicine school for professional studies "Hipokrat", Bujanovac (Serbia)
- Prof. Paul Sergius Koku, PhD, Florida State University, Florida (USA)
- Prof. Primoz Dolenc, PhD, Faculty of Management, Primorska University, Koper (Slovenia)
- Prof. Predrag Trajkovic PhD, JMPNT, Vranje (Serbia)
- Prof. Petar Kolev PhD, "Todor Kableshkov" University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Pere Tumbas PhD, Faculty of Economics, University of Novi Sad, Subotica (Serbia)
- Prof. Rade Ratkovic PhD, Faculty of Business and Tourism, Budva (Montenegro)
- Prof. Rositsa Chobanova PhD, University of Telecommunications and Posts, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Rumen Valcovski PhD, Imunolab Sofia (Bulgaria)
- Prof. Rumen Stefanov PhD, Dean, Faculty of public health, Medical University of Plovdiv

(Bulgaria)

- Prof. Sasho Korunoski, Rector, UKLO, Bitola (Macedonia)
- Prof. Sashko Plachkov PhD, Faculty of Pedagogy, University Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Sreten Miladinoski, PhD, Dean, Faculty of Law, MIT University (Skopje)
- Prof. Snezhana Lazarevic, PhD, College of Sports and Health, Belgrade (Serbia)
- Prof. Stojan Ivanov Ivanov PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
  Prof. Snezana Stoilova, PhD, High Medicine School, Bitola, (Macedonia)
- Prof. Stojna Ristevska PhD, High Medicine School, Bitola, (Macedonia)
- Prof. Suzana Pavlovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)
- Prof. Sandra Zivanovic, PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjacka Banja (Serbia)
- Prof. Shyqeri Kabashi, College “Biznesi”, Prishtina (Kosovo)
- Prof. Trayan Popkochev PhD, Faculty of Pedagogy, South-West University Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Todor Krystevich, Vice Rector, D.A. Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Prof. Todorka Atanasova, Faculty of Economics, Trakia University, Stara Zagora (Bulgaria)
- Doc. Tatyana Sobolieva PhD, State Higher Education Establishment Vadiym Getman Kiyev National Economic University, Kiyev (Ukraine)
- Prof. Tzako Pantaleev PhD, NBUniversity , Sofia (Bulgaria)
- Prof. Tosko Krstev PhD, European Polytechnic University, Pernik (Bulgaria)
- Prof. Tihomir Domazet PhD, President of the Croatian Institute for Finance and Accounting, Zagreb (Croatia)
- Prof. Violeta Dimova PhD, Faculty of Philology, University “Goce Delchev”, Shtip (Macedonia)
- Prof. Volodymyr Denysyuk, PhD, Dobrov Center for Scientific and Technologogical Potential and History studies at the National Academy of Sciences of Ukraine (Ukraine)
- Prof. Valentina Staneva PhD, “Todor Kableshkov” University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Vladimir Lazarov PhD, European Polytechnic University, Pernik (Bulgaria)
- Prof. Vasil Zecev PhD, College of tourism, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Venus Del Rosario PhD, Arab Open University (Philippines)
- Prof. Yuri Doroshenko PhD, Dean, Faculty of Economics and Management, Belgorod (Russian Federation)
- Prof. Zlatko Pejkov, PhD, Faculty of Agricultural Sciences, UKIM, Skopje (Macedonia)
- Prof. Zivota Radosavljevik PhD, Dean, Faculty FORCUP, Union University, Belgrade (Serbia)
- Prof. Zorka Jugovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)

## EDITORIAL REVIEW BOARD

Each paper is reviewed by the editor and, if it is judged suitable for this publication, it is then sent to two referees for double blind peer review.

The editorial review board is consisted of 45 members, full professors in the fields 1) Natural and mathematical sciences, 2) Technical and technological sciences, 3) Medical sciences and Health, 4) Biotechnical sciences, 5) Social sciences, and 6) Humanities from all the Balkan countries and the region.

# Contents

KNOWLEDGE, EXPERIENCE, AND SKILLS TO GET BACK THE CHILDREN IN TO THE NATURE ........ 1551
Snezana Stavreva Veselinovska ........ 1551
Anastasija Stavreva ........ 1551
INNOVATIVE SME IN SERBIA ........ 1557
Gabrijela Lilić ........ 1557
Dragana Jovanović Kuprešanin ........ 1557
LOGISTICAL SERVICE OF CLIENTS AS A SYSTEM ........ 1563
Vanya Banabakova ........ 1563
Maria Ilcheva ........ 1563
MANUFACTURING PROCESS MANAGEMENT ........ 1571
Shaqir Elezaj ........ 1571
OPPORTUNITIES FOR DEVELOPMENT OF GEOLOGICAL TOURISM IN BULGARIA. UNUSED NICHES TO TOURISM ECONOMY ........ 1577
Maria Valkova Shishmanova ........ 1577
OPPORTUNITIES FOR ECONOMIC DEVELOPMENT BASED ON TOURISM POTENTIALS IN KOSOVO ........ 1585
Artan Nimani ........ 1585
Valbona Zeqiraj ........ 1585
THE IMPORTANCE OF GE TOOL IN CHOOSING AND ASSESSING BUSINESS STRATEGY . 1591
Elvis Elezaj ........ 1591
Njomza Elezaj ........ 1591
INTERACTION IN BUSINESS COMMUNICATION ........ 1597
Vance Bojkov ........ 1597
MANAGEMENT OF ORGANIZATIONAL CHANGES IN THE CASE OF HEALTHY COMPETENCE FOR THE COMPANIES ........ 1605
Husnija Bubujlica ........ 1605
TRADE ECONOMIC COOPERATION OF KOSOVO WITH THE WESTERN BALKAN COUNTRIES ........ 1611
Ibish Mazreku ........ 1611
Donjeta Morina ........ 1611
PRINCIPLES OF INTERACTION IN INTER-ORGANIZATIONAL NETWORKS IN THE CONTEXT OF THE PRINCIPAL – AGENT ISSUE ........ 1619
Emil Mitov ........ 1619
Albena Vutsova ........ 1619
THE ROLE AND SIGNIFICANCE OF THE BRAND FOR DEVELOPMENT AND PERSPECTIVE OF THE ENTERPRISES ........ 1627
Neritan Turkeshi ........ 1627
THE ROLE OF CREATIVITY AND INNOVATION IN THE EFFECTIVE LEADERSHIP ........ 1631
Ivan Blazevski ........ 1631
IMPLEMENTATION OF GFS IN PUBLIC SECTOR OF KOSOVO ........ 1637
Gazmend Morina ........ 1637
Ajete Ukshini ........ 1637

Mustaf Kadriaj ........ 1637
Zenel Sejfijaj ........ 1637
PERSPECTIVES FOR COMPETITION IN THE HEALTHCARE INDUSTRY ........ 1643
Yuliyan Velkov ........ 1643
CULTURAL HISTORICAL MEMORIES AND OBJECTS AND THEIR NATURE ON THE ECONOMIC DEVELOPMENT OF RURAL TOURISM IN THE MUNICIPALITY OF BEROVO .. 1649
Vladimir Kitanov ........ 1649
ORGANIZATIONAL STRUCTURE OF THE MANAGEMENT IN THE FIELD OF TOURISM ..... 1653
Baki Koleci ........ 1653
Violeta Koleci ........ 1653
ANALYSIS OF STATISTICAL INDICATORS FOR TOURISM DEVELOPMENT IN THE REPUBLIC OF KOSOVO ........ 1657
Burim Morina ........ 1657
PERSPECTIVES AND TENDENCIES FOR DEVELOPMENT OF THE INTERNATIONAL TOURISM ........ 1665
Tanevski Dushko Doncho ........ 1665
THE DETERMINATES OF TRANSFORMATIONAL LEADERSHIP IN KOSOVO SMEs ........ 1671
Elvis Elezaj ........ 1671
LEADERSHIP IN THE BUSINESS PROCESSES ........ 1675
Gent Begolli ........ 1675
THE RELEVANCE OF INTERCULTURAL COMPETENCE FOR INTERCULTURAL MANAGEMENT ........ 1681
Ivan Blazevski ........ 1681
FACTORS ASSESSING PROJECT SUCCESS ........ 1687
Darjan Bojkov ........ 1687
FISCAL POLICY IN KOSOVO AND ITS IMPACT ON ECONOMIC DEVELOPMENT ........ 1693
Fehmi Mehmeti ........ 1693
Arsim Dragaj ........ 1693
THE ROLE OF THE INFORMATION SYSTEM IN THE MANAGEMENT OF THE HUMAN RESOURCES ........ 1703
Vehbi Ramaj ........ 1703
Zenel Sejfijaj ........ 1703
Donikë Ramaj ........ 1703
THE STATE AS A COMPETITOR ........ 1709
Jovica Palashevski ........ 1709
FOOD POLICY AND ADMINISTRATIVE DIVISION REFORM IN ALBANIA ........ 1715
Edlira Llazo ........ 1715
Violeta Neza ........ 1715
ORGANIZATIONAL AND ECONOMIC ASPECTS OF CLINICAL AND LABORATORY ACTIVITIES - POSSIBILITIES AND PERSPECTIVES OF OPTIMIZATION ........ 1721
Nikola Sabev ........ 1721
Denitsa Trancheva ........ 1721
INTERMEDIATION IN FINANCE ........ 1727
Redon Koleci ........ 1727

PROBLEMS IN THE DEVELOPMENT OF SERVICES AS A NATURAL PHENOMENON OF THE GLOBALIZED ECONOMY ........ 1731
Tanevski Dushko Doncho ........ 1731
THE PROCESS OF TRAINING OF THE EMPLOYEES ........ 1735
Izet Hoti ........ 1735
Jusuf Fejza ........ 1735
PLANNING OF THE EMPLOYEES FOR TRAINING ........ 1739
Izet Hoti ........ 1739
Jusuf Fejza ........ 1739
THE ESTABLISHMENT OF A EUROPEAN DEFENCE FUND IN THE FUNCTION OF THE SECURITY AUTONOMY OF THE EUROPEAN UNION ........ 1743
Nikola Vidović ........ 1743
Hatidža Beriša ........ 1743
Milenko Dželetović ........ 1743
NON-MILITARY FORMS OF ENDANGERING SECURITY OF MODERN COUNTRY ........ 1749
Hatidza Berisha ........ 1749
LEGISLATION AS A SUBSTANTIVE PRINCIPLE OF ADMINISTRATION ........ 1763
Dejan Vitanski ........ 1763
PERMANENT STRUCTURED CO-OPERATION KEY FACTOR FOR SECURITY AND DEFENSE IN THE EU ........ 1771
Neno Hristov Hristov ........ 1771
PREVENTION OF DOMESTIC VIOLENCE IN THE REPUBLIC OF SERBIA ........ 1777
Miodrag N. Simović ........ 1777
Dragan Jovašević ........ 1777
Marina M. Simović ........ 1777
PROHIBITION TO EXERCISE PROFESSIONAL ACTIVITIES AS A MODERN APPROACH OF CRIMINAL JUSTICE PROTECTION OF ECONOMIC CRIME ........ 1783
Tatijana Ashtalkoska-Baloska ........ 1783
Aleksandra Srbinovska-Doncevski ........ 1783
SHARIA LAW IN THE VARDAR PART OF MACEDONIA (1918-1941) ........ 1789
Rejhan Mandak ........ 1789
THE ESSENTIAL MEANING OF HUMANITY, FAIRNESS AND MODERATION ACCORDING TO MORALITY ........ 1797
Ivan Blazevski ........ 1797
POLITICAL SYSTEM AS A CONDITION FOR DEVELOPMENT OF STATE AND LAW ........ 1803
Dimitar Spaseski ........ 1803
THE RIGHTS OF THE ETHNIC COMMUNITIES IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA ........ 1807
Arlinda Kadri Shahinovikj ........ 1807
Kazime Sherifi ........ 1807
THE IMPORTANCE OF WITNESS DOCUMENT AS PROVE IN PROCEDURAL PENALTY ........ 1813
Arbenita Hoxha ........ 1813
POLITICAL APATHY - NON-USE OF THE RIGHT TO VOTE IN POLLOG REGION ........ 1819
Gjylten Ademi ........ 1819
CONTEMPORARY WARS AND ARMED CONFLICTS ........ 1827
Katarina Jonev ........ 1827

Ivan Rancic ........................................ 1827
Hatidza Berisha ........................................ 1827
POLICIES AND MANAGEMENT IN THE FIELD OF SECURITY IN KOSOVO ........................................ 1839
Feim Brava ........................................ 1839
ACHIEVEMENT OF THE AGREEMENT BETWEEN THE REPUBLIC OF MACEDONIA AND THE REPUBLIC OF GREECE ........................................ 1843
Valentina Pacarska ........................................ 1843
SPAIN - THE NEW TRANSIT COUNTRY FOR ILLEGAL MIGRANTS IN THE WEST-MEDITERRANEAN MIGRANT ROUTE ........................................ 1849
Toshe Panov ........................................ 1849
IMPORTANCE OF PROJECT APLICATION FOR WORK IMPROVEMENT OF PUBLIC INSTITUTION ........................................ 1855
Salim Goranac ........................................ 1855
DISCUSSION AND EXPERIMENTATION WITH MATERIALS AND TECHNIQUES ........................................ 1857
Nikola Gulev ........................................ 1857
ENSURING THE QUALITY OF EDUCATION – A TREMENDOUS CHALLENGE FOR THE TEACHER ........................................ 1863
Nataša Zloporubović ........................................ 1863
DOMINANT VALUES IN THE ORGANIZATION ........................................ 1869
Vera Veljanovska ........................................ 1869
Menka Trepalkovska ........................................ 1869
Blagoj Dimitrov ........................................ 1869
CONCEPT OF EVALUATION OF THE EDUCATIONAL WORK IN STUDENT DORMITORIES ........................................ 1875
Vasilka Gjurchinovski ........................................ 1875
SLOWED SERBIAN DEVELOPMENT IN THE EARLY 19$^{TH}$ CENTURY UNTIL WORLD WAR II ........................................ 1879
Veroljub Bojičić ........................................ 1879

# CULTURAL HISTORICAL MEMORIES AND OBJECTS AND THEIR NATURE ON THE ECONOMIC DEVELOPMENT OF RURAL TOURISM IN THE MUNICIPALITY OF BEROVO

**Vladimir Kitanov**
University "Goce Delcev" Stip, vladimir.kitanov@ugd.edu.mk

**Abstract:** Tourism is one of the largest and fastest growing economies in the world, which began to develop in the early twentieth century as an activity in which only a small group of property people can enjoy. Today, tourism is gradually becoming a mass phenomenon. Tourism, as a branch, occupies a significant place in the global economy, as its development improves not only the conditions for staying tourists but also the living conditions of the local population.
We live in a small country, but it is abundant with too many natural beauties that enable the development of this branch. These beauties are not sufficiently used for tourism promotion of the country in the world (especially the eastern part of the country).
Few people are familiar with the magnificent localities, beauties and potentials of the Malesh - Pijanec region, a region that has great potential and capacity for tourism development, local initiatives, events and events that can be recognized locally, nationally and internationally.
In addition to the natural treasures of this region that will "restore" your physical strength, the Berovo municipality is the end of the largest number of churches and monasteries that will help you find peace of mind and tranquility.
**Keywords:** rural tourism, economy, monuments, buildings, economic development.

# КУЛТУРНО-ИСТОРИСКИТЕ СПОМЕНИЦИ И ОБЈЕКТИ И НИВИОТ ИМПАКТ ВРЗ ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ НА РУРАЛНИОТ ТУРИЗАМ ВО ОПШТИНА БЕРОВО

**Владимир Китанов**
Универзитет "Гоце Делчев", Штип, vladimir.kitanov@ugd.edu.mk

**Резиме:** Туризмот е една од најголемите и најбрзо растечките стопански гранки во светот, која започна да се развива во почетокот на дваесеттиот век и тоа како активност во која можат да уживаат само мала група на имотни луѓе. Денес, туризмот постепено прераснува во масовна појава[72]. Туризмот, како гранка, зазема значајно место во глобалната економија бидејќи со неговиот развој се подобруваат не само условите за престој на туристите туку и условите за живеење на локалното население.
Живееме во земја која е мала по големина, но изобилува со преголеми природни убавини кои овозможуваат развој на оваа стопанска гранка. Тие убавини не се доволно искористени за туристичка промоција на земјата во светот (особено источниот дел од земјата).
Малкумина луѓе се запознаени со прекрасните локалитети, убавини и потенцијали на регионот Малеш - Пијанец, регион кој има голем потенцијал и капацитет за развој на туризмот, локални иницијативи, настани и манифестации кои можат да бидат препознатливи на локално, национално и интернационално ниво.
Покрај природните богатства на овој крај кои ќе ви ја „вратат" физичката сила, Беровската општина претставува крај со најголем број цркви и манастири кои ќе ви помогнат да најдете душевен мир и спокојство.
**Клучни зборови:** рурален туризам, економија, споменици, објекти, економски развој.

[72] Според најновите податоци на Светската организација за туризам, заработувачката од меѓународниот туризам го достигнува својот максимум во 2000 година и изнесува 476 милијарди УС$. Оваа заработувачка е поголема од онаа што се заработува со извоз на нафтени производи, моторни возила, телекомуникациска опрема или било која друга дејност во светски рамки.

Малешевијата располага со огромен туристички потенцијал кој сé уште не е искористен, иако во последните години се забележува подем во овој сектор. Гостите во Берово и во околните туристички населби престојуваат најмногу за викенд, посебно за новогодишните, за велигденските празници и за првомајските празници, а за време на летниот период се задржуваат просечно по 4-7 дена.

Најголем број од посетителите се домашни туристи, но во последните 2 години и бројот на странските туристи е во пораст (претежно странци на мисија во Македонија, како и организирани тури на Холандски туристи). Гостите најголем интерес покажуваат за чистиот воздух, мирната и тивка околина и можностите за одмор и релаксација, вклучувајќи ги и прошетките во планина, но не е мал ни бројот на оние кои доаѓаат во Берово поради здравствени причини.

Околу 20 фирми се активни во секторот на туризам и угостителство, со 125 вработени и околу 100 сезонски работници. Овој сектор е во експанзија во последните години и има перспективи за иден развој. Берово располага со 5 угостителски објекти кои имаат капацитет од 97 соби и 238 легла. Овие угостителски објекти вработуваат 43 вработени. Бидејќи податоците се од 2008 год. кога е извршен последен попис на угостителството од страна на заводот за статистика на Р.Македонија не е земен во предвид комплексот Аурора. Кога ќе се земат во предвид капацитетот за сместување на приватните викендички кои имаат капацитет на околу 200 легла заедно со 120 те легла кои ги има капацитетот Аурора тогаш можеме да кажеме дека Берово располага со капацитет за сместување од некаде 550 легла.

Покрај природните богатства на овој крај кои ќе ви ја „вратат" физичката сила, Беровската општина претставува крај со најголем број цркви и манастири кои ќе ви помогнат да најдете душевен мир и спокојство.

Првата манастирска ***црква „Св.Архангел Михаил***" во Берово е изградена во периодот од 1815 до 1818 година. Осветена е во 1818 година, а на нејзиното осветување присуствувал и македонскиот христијански просветител Јоаким Крчовски. Стилот во кој е изградена црквата, зидана од камен, е автентичен пример за македонската архитектура од 19 век.

За градењето на црквата и манастирот нема посигурни историски податоци, но едно е сигурно: градењето на црквата се одвивало под многу тешки услови. Еве што ни кажува една од легендите:

*Во почетокот на XIX век Берово било селска населба со околу двесте куќи и само со една мала и дотраена црква. Затоа тогашните поугледни беровчани решиле да изградат нова црква на местото наречено Могила. Парохискиот свештеник, поп Пецо, бил задолжен да обезбеди дозвола за градба од Укуматот што се наоѓал во Радовиш. Валијата дал дозвола за градба, но под многу тешки, речиси неостварливи услови. Имено, црквата да биде изградена ниско под нивото на патот и да не се гледа, градењето да заврши за четириесет дена, а поп Пецо, најмалата своја ќерка, Султана, да ја даде во харемот. Условите не ги обесхрабриле Беровчани во нивната намера. Со голем труд и пожртвуваност на верниците црквата била иззидана и покриена со камени плочи за четириесет дена. За да не биде забележлива, надворешниот ѕид бил премачкан со саѓи и со вар. Кога видел валијата дека црквата е изградена над земјата по истекувањето на рокот, многу се налутил, и наредил тројцата црковни настојници веднаш да бидат убиени пред црквата, а бидејќи Султана избегала во Ќустендил, поп Пецо бил затворен. Тој бил пуштен од затвор по три години, а неговата ќерка се вратила во Берово кога разбрала дека комитите го убиле валијата.*

***Манастирот „Св.Архангел Михаил"*** е основан 1818 година и во него монашкиот живот никогаш не згаснал ниту во еден момент. Манастирските конаци се изградени триесет години по изградбата на црквата, т.е 1849 год. За овие 155 години, во овој манастир живееле 110 монахињи (калуѓерки). Во моментов живеат само 2. Во првата половина од 19 век, во конаците почнало да се работи првото црковно училиште. Во 1859 год. Познатиот преродбеник Јоаким Крчовски, училиштето го предал на женската манастирска заедница, која била формирана 1850 год., а денес овде може да се најдат голем број на текстови и книги од 19 и 20 век.

Во склоп на манастирскиот комплекс се наоѓа и историскиот музеј на град Берово, во кој има фотографии, документи, географски карти и старо оружје од историското минато на Македонија и Малешевијата, како на пример од периодот на Разловечкото (1876) и Кресненското востание (1878). Во историскиот музеј се сместени спомен соби на Атанас Раздолов и Никола Петров – Русински, и двајцата Малешевци, учесници во Илинденското востание. Во музејот има и поставка во која се зборува за развитокот на НОВ во Малешевијата и формирањето на 50 и 51 дивизија и Струмичко-Брегалничкиот

корпус. Беровскиот манастир „Св.Архангел Михаил“ и женската сестринска заедница одиграле голема улога во духовноста, просветеноста и ослободителните идеи на народот во Малешевијата. Некогаш надвор од градот, денес женскиот манастир посветен на ***Свети Архангел Михаил*** се наоѓа на излезот од Берово, на патот што води кон браната и езерото. Главната порта гледа кон градот, а останатите две - кон реката и боровата шума. Самиот влез низ големата дрвена порта го внесува посетителот во еден поинаков свет- Светот на молитвата. Црквата со голем трем, изградена во архитектурен опус од XIX век, доминира во манастирскиот двор. Во полутемнината на нејзината внатрешност кандилата ги осветлуваат ликовите на светителите, насликани во карактеристичен стил што отстапува од византиските канони. Од првобитниот иконостас сочувана е само една икона со претставата на Светиот пророк Ное, дело на иконописецот Георги Велјанов од Струмица, изработена во 1818 година. Од 1899 до 1920 година во манастирот работел и зографот Гаврил Атанасов-Беровец. Целивната икона Успение на Богородица е дело на зографот Григорие Пецанов од Струмица, изработена во 1878 година. Конакот е разигран. Привлекува со топлината на присуството на дрвото, обликувано во староградски стил од XIX век Освен последната монахиња од претходната лоза, во манастирот живеат две монахињи, коишто со благослов на митрополитот Наум Струмички дојдоа од Велјушкиот манастир. Сестринството во овој манастир изработува икони во византиски стил, за иконостаси, или по нарачка. Почетоците на возобновувањето на фрескописот во македонските манастири се направени токму во ова сестринство.

Навистина реткост, манастирот е пристапен и отворен за духовните потреби на секој добронамерен посетител. Во разговорот со старешината на манастирот, сестра Макрина, во топла атмосфера крај каминот во библиотеката, многумина ќе пронајдат одговор на разни духовни прашања и поддршка, разбирање, инспирација.

***Црквата „Рожденство на Пресветла Богородица“*** е изградена во 1912 година, а е осветена во 1922. Во 1930 г. била изградена камбанарија. Има облик на еднокорабна градба од поголеми размери, со полукружна апсида однадвор. Во внатрешноста, во горниот дел завршува со рамна таваница, зелено обоена, со тоа што делот од централниот простор е повисок и има украсни полиња. Главниот влез е откај западната страна, а јужниот е откај олтарниот простор (на северната страна влезот во галеријата сега е заsидан).

Секоја година во оваа црква, на 28 август, се прославува големиот верски празник „Голема Богородица“ и овде присуствуваат околу 15.000 верници и се подготвува заеднички ручек (курбан), во околу 100 казани.

Не помалку е посетена и црквата „С. Илија“, која се наоѓа во близина на претходно споменатата црква и исто така и овде на верскиот празник Илинден се подготвува курбан.

Во близина на селото Русиново[73], оддалечено 7 км од градот Берово, на 5 км од селото се наоѓа врвот Петлец на 1357 м надморска височина, каде во 1906 год е убиен големиот македонски револуционер Даме Груев.

Од тука потекнува и револуционерот и социјалист Никола Петров-Русински. Во ова село сеуште се негува сточарството и производството на овчо сирење, како и дел од традиционалните занаетив - пред се копаничарството, изработка на буриња и бочви, ракотворби од волна и памук.

Во селото може може да се посети црквата ***“Св. Петка“*** која е од првата половина на 19 век.

***Позначајни објекти, споменици, спомен плочи и спомен одбележја*** во Малешевијата и во Берово, се:

- ⇒ Стогодишната училишна зграда, во Берово, во која работело егзархиското училиште;
- ⇒ Споменикот на 50. Дивизија во селото Митрашинци, подигнат на местото на нејзиното формирање, на 17.09.1944 год.
- ⇒ Споменикот на водачот на Разловечкото и на Кресненското востание Димитар Поп Ѓеорѓиев - Беровски, дело на познатиот академски вајар Илија Аџиевски.
- ⇒ Спомен-обележјето на стреланите граѓани од страна наГерманците, на 03.10.1944 год., кај игралиштето на ФК "Малеш", во Берово.
- ⇒ Спомен-плочата на Обозна, за битката помеѓу партизаните и една единица на бугарската војска, во време на Мајската офанзива 1944 год.

[73] Село Русиново има1500 жители и е најголемото село во општината

⇒ Спомен-обележјето во Суви Лаќи, каде е формирано партиското поверенство за Малешево на 10.05.1942 год.

⇒ Спомен бистата на Јане Сандански, во с. Смојмирово, или поточно на раскрсницата меѓу Берово, Пехчево и Виница, и др.

Во Берово постои и ***музеј,*** за кој објект беровчани сентиментално се врзани бидејќи е еден од препознатливите елементи на градот. Од неговата изградба, на крајот на 19-от век, па до осумдесетите години на минатиот век имаше различна намена, секогаш поврзана со дел од административните функции на градот - училиште, суд, библиотека. За жал, после тоа беше оставен на забот на времето, кој го претвори во непријатна глетка во самиот центар на Берово, опасна зона за пешаците поради елементите кои паѓаат и прашање на времето е моментот кога зградата ќе се урне. Се надеваме дека овој објект ќе ја доживее својата реставрација и ќе заживее.

Секоја година во месец август во Берово се организира и меѓународен фолклорен фестивал ***„Малешевски фолклорни средби“,*** на кој домаќин е КУД "Димитар Беровски" од Берово, а земаат учество фолклорни состави од Р. Македонија, Р. Бугарија, Р. Србија и пошироко.

Од 2003 година, во оваа општина континуирано се одржува и ***Ликовна колонија Берово,*** која има меѓународен карактер, со учество на уметници од Македонија, Бугарија и Србија. Делата секоја година се изложуваат во Берово, како и во повеќе градови низ Македонија.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Белдедовски, З. (2005).Баргала Водич, Национална установа завод за заштита на спомениците на културата и музеј, Штип.
[2] Димитров, Н. (2012). Просторно планирање (авторизирани предавања за интерна употреба на додипломски студии), Штип.
[3] Јаковлев, З. (2009). Алтернативен туризам (авторизирани предавања за интерна употреба на додипломски студии), Гевгелија-Штип.
[4] Јаковлев, З. (2010). Анимација во туризмот, Богданци.
[5] Китанов, В (2010). Развој на руралниот туризам во регионот Малеш- Пијанец, Штип.
[6] Котески, Ц. (2011). Истражување на туристичкиот пазар (авторизирани предавања за интерна употреба на додипломски студии), Штип- Гевгелија.
[7] Мариноски, Н (2006). Туристичка географија, Охрид.
[8] Методијески, Д. (2013). Екотуризам (авторизирани предавања за интерна употреба на постдипломски студии), Скопје.
[9] Министерство за животна средина и просторно планирање (2010). Национална стратегија за одржлив развој во Република Македонија дел I/II (2009 - 2030), Скопје.
[10] Министерство за економија, сектор за туризам (2012). Национална стратегија за рурален туризам 2012-2017, Скопје.
[11] Министерство за животна средина и просторно планирање (2016). Просторен план на Источен плански регион 2013-2030, Скопје.
[12] Ташков, Н. (2004). Туристичките вредности на бањите во Република Македонија, Штип.
[13] Тунтев, З. (2007). Туристичка дестинација, Охрид.